SOCIO

# Годишен извештај за работата за 2025
# Здружение за обезбедување социјални услуги ,,СОЦИО" Гостивар



**Издавач: Здружение за обезбедување социјални услуги ,,СОЦИО” Гостивар**
Бул. Браќа Ѓиноски 20, 1230 Гостивар
www.socio.mk
socio@socio.mk
Печатење: ФБ Принт&Десигн

***Во Гостивар, декември 2025***

# Содржина

За СОЦИО ........................................................ 4

Вовед ........................................................ 5

Усогласеност на услугата на ,,СОЦИО“ со законските регулативи, статутот на организацијата .......... 6

Краток преглед на значењето на помошта и негата во домот ........................................................ 8

**Помош во инструменталните активности од секојдневниот живот.** Оваа група вклучува покомплексни активности, кои не се директно поврзани со личната грижа, туку со способноста за независно живеење и интеракција во заедницата. ........................................................ 8

Опис и број на корисниците за кои е наменета социјалната услуга во 2025 година ........................................................ 9

Испорака на обуки за негувателките и членовите на Здружението ........................................................ 10

**Структура на тимот** ........................................................ 11

**Јакнење на капацитетите и обука** ........................................................ 11

Локална иницијатива за подобрување на социјалните услуги на старите лица ........................................................ 13

*Отворен ден на старите лица во Гостивар* ........................................................ 15

Заклучок ........................................................ 15

## За СОЦИО

**Визија:**
Унапредена социјална кохезија преку квалитетни и достапни услуги за сите ранливи категории на граѓани за нивен достоинствен живот.

**Мисија:**
Обезбедување директна помош и услуги на ранливите категории на граѓани, подигање на јавната свест за нивните социјални потреби и застапување на нивните интереси пред надлежните институции.

*Слоган на СОЦИО:*

*Услуга дома за достоинствен живот!*

## Вовед

Трендот на демографско стареење на населението во светот и неговото влијание во нашата земја во последните години придонесе за сè поголемо актуелизирање на прашањето за грижата за старите лица и последиците кое тоа ги предизвикува врз економските и општествени прашања на секоја земја.

Според резултатите од Пописот во 2021 во Република Северна Македонија, возрасната група од 60 до над 85 години, опфаќа 419.125 лица во државата, што е 22,8 % од вкупниот број на население. Ова укажува дека населението во државата старее, бројот на старото население е во пораст, како и неговото учеството во вкупното население. Слична е состојбата и во општина Гостивар од 59.770 резидентни жители, 21.2% отпаѓаат на возрасната група од 60 до над 85 години. Истовремено, општина Гостивар е поднебје за кое се изразени карактеристични имиграциони движења.

Овој тренд во однос на старата популација доведува до одредени социјални предизвици, бидејќи постои потреба за зголемување на поддршката за старите лица кои од најразлични причини се сметаат како ранливо население. Потребата за социјални услуги кои се фокусираат на **помош и нега во домот** е во постојан пораст. Овој тип на услуги е клучен аспект на системот за грижа, овозможувајќи им на лицата со хронични болести, старите лица и лицата со инвалидитет, да живеат **достоинствено и независно** во своето домашно окружување.

Сè до неодамна, оваа суштинска услуга не беше достапна на територијата на општина Гостивар. Лицата кои имаа потреба од палијативна или продолжена нега најчесто беа оставени на грижата на нивните најблиски роднини.

Како одговор на овој недостаток, Здружението за обезбедување социјални услуги ,,СОЦИО” беше основано во Гостивар на 26.01.2022 година, со поддршка од Програмата на УНДП за создавање можности за работа за сите.

**Клучни информации за СОЦИО:**

| | |
|---|---|
| Регистрација (Дејност) | 88.99 - Останати дејности од социјалната заштита без сместување (согласно Законот за здружениja и фондации). |
| Дозвола за работа | Решение за обезбедување на социјални услуги за вршење на дејност во социјална заштита – |

| | |
|---|---|
| | ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ, издадено од Министерството за труд и социјална политика (МТСП) под архивски број 10-1612/4 од 25.05.2023 и Решение за изменување на Решение за вршење дејност во социјалната заштита за обезбедување на социјалната услуга – ПОМОШ И НЕГА ВО ДОМОТ од страна на 19 негуватели и 1 координатор (Арх. бр. 10-1612/14) од 15.11.2023. |
| Капацитет | Услугата ја обезбедуваат 19 негувателки и 1 координаторка. |
| Опременост | Здружението располага со канцелариски простор во централното градско подрачје и неопходна опрема за работа (биро, компјутер, принтер) и соодветна опрема за негувателките (ранци, апарати за мерење притисок, шеќер и сл.). |
| Договор за работа | Управен договор со Министерство за социјална политика, демографија и млади на 31.01.2025 (арх. број 10-102/313) за обезбедување на услугата помош и нега во домот во периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025. |

## Усогласеност на услугата на ,,СОЦИО“ со законските регулативи, статутот на организацијата

Согласно **Законот за социјална заштита** од 2019 година се зајакнуваат социјално-заштитните активности на локално ниво за претставници од: општините, планските региони, центрите за социјална работа, центрите за вработување, училишта, установи за социјална заштита и здруженија на граѓани.

Услугата **„Помош и нега во домот“** спаѓа во категоријата **Услуги во домот** (Член 70, точка 4) и е дефинирана на следниов начин:

**Член 74:** Услуги во домот се услуги за обезбедување помош и нега во домот на лице со привремено или трајно намален функционален капацитет, со цел **овозможување на лицето да продолжи да живее во сопствениот дом** и **превенција на потребата од вонсемејна заштита**.

**Член 75** ја прецизира содржината, обемот и крајната цел на услугата:

**Содржина:** Се обезбедува помош во вршење **основни и инструментални активности од секојдневниот живот**.

**Обем:** Услугата се обезбедува до **80 часа месечно**.

**Цел:** Да се оспособи корисникот за **само-помош**, односно да ја врати, стекне или одржи способноста сам да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата.

**Корисници на услугата (Член 75):**

- Лица со најтешка, односно комбинирана попреченост со највисок степен.
- Потполно слепи лица.
- Стари лица.
- Други лица на кои им е потребна помош и нега во домот.

Понатаму, **Член 77** ги поставува условите под кои лицето може да ја користи услугата:

1. **Договор за издршка:** Услугата се обезбедува за лице кое **нема склучено договор за доживотна издршка**, односно покренало постапка за негово раскинување.
2. **Семејна грижа:** Услугата се обезбедува само ако помошта во домот **не можат да ја обезбедат** неговиот брачен другар, родителите или децата, поради:
    - Заснован работен однос.
    - Нарушена здравствена состојба.
    - Старост.

Услугата е усогласена со Член 2 од Статутот на Здружението за обезбедување социјални услуги ,,СОЦИО“, кадешто е наведено дека здружението поведува иницијативи и учествува во градење на јавно мислење и креирање на политиките, решавање на општествените предизвици во областа на социјалната заштита. Промовира, информира и реализира активности за унапредување на социјалните услуги во заедницата.

Оваа законска рамка обезбедува легитимност и јасен оперативен модел за работата на Здружението ,,СОЦИО” во обезбедувањето на оваа клучна социјална услуга.

## Краток преглед на значењето на помошта и негата во домот

Услугата „Помош и нега во домот“ е креирана да го поддржи корисникот во две клучни области на секојдневниот живот: основни и инструментални активности.
**Помош во основните активности од секојдневниот живот**. Оваа група вклучува активности кои се неопходни за лична грижа и функционирање. Тие најдиректно се поврзани со одржување на хигиената и нормален живот.

**Лична хигиена:** Помош при миење лице, раце и заби, миење коса, бањање, чешлање, бричење, сечење нокти и сл.

**Облекување:** Помош при облекување и соблекување.

**Физиолошки потреби:** Помош при вршење на физиолошки потреби, помош за да стигне до тоалет, да се исчисти по користењето, или помош при користење лопатка во кревет или мобилен тоалет. Помош при менување пелени и подлоги.

**Мобилност:** Помош при движење во и околу домот.

**Исхрана:** Помош при хранење.

**Помош во инструменталните активности од секојдневниот живот.** Оваа група вклучува покомплексни активности, кои не се директно поврзани со личната грижа, туку со способноста за независно живеење и интеракција во заедницата.

**Грижа за домаќинството:** Чистење и одржување; Помош во чистење на просториите и апаратите во домаќинството, помали поправки; Вршење на полесни домашни задачи како што се миење садови, местење кревет, менување постелнина и слично.

**Технички работи:** Посредување заради поправки на водоводни, електрични и други инсталации, столарија, молерисување и други услуги; Помош во ложење печки на дрва и чистење на пепел.

**Алишта:** Помош во перење, сушење и пеглање облека и одржување обувки и слично.

**Исхрана и набавки:** Помош при планирање, подготвување, загревање и послужување на соодветни оброци и пијалоци; Помош при вршење помали и поголеми набавки на храна, пијалоци, облека, обувки, весници и слично.

**Здравствена поддршка:** Помош при администрирање на лекови во соодветно време и доза; Третирање полесни рани и преврски; Контрола на витални функции (крвен притисок, телесна температура, ниво на шеќер во крвта и слично).

**Комуникација, финансии и мобилност надвор од домот:** Помош при движење надвор од домот, користење јавен превоз, превоз со такси-возила и слично; Помош при користење телефон и други уреди, помош при наоѓање и бирање броеви, јавување на телефон, користење радио, телевизор, компјутер и слично; Помош при управување на буџетот, плаќање сметки, одење во банка и слично.

Оваа детална листа јасно покажува дека услугата „Помош и нега во домот“ не е ограничена само на основните потреби, туку и активно го поддржува корисникот да ја одржи својата автономија и независност во заедницата.

## Опис и број на корисниците за кои е наменета социјалната услуга во 2025 година

Во 2025 година, ,,СОЦИО” обезбеди услуга помош и нега во домот за вкупно **54 корисници** – лица со намален или целосно отсутен функционален капацитет, кои не можат сами да се грижат за себе и живеат во сопствен дом[1].

Најголем дел од корисниците припаѓаат на **повозрасната популација, особено во групата 81–85 години, која е најзастапена**. **Највозрасниот корисник** имал **94 години**.

**Забележлива е доминација на жените, дури 37** од 54 **корисници се жени.** Најранливата и најзастапена група се жените на возраст 81–85 години (12 кориснички), кои претставуваат значајна целна група за услугата.

Повеќето корисници добиваат услуга со средно ниво на интензитет. **36 корисници користат поддршка со обем од 40 часа месечно.**

Најчестите хронични заболувања и состојби кај корисниците вклучуваат кардиоваскуларни и метаболни заболувања. Невролошки и ментални состојби, како што се алцхајмерова болест и деменција и други хронични состојби. Присуството на овие **долготрајни и комплексни дијагнози**, често со дополнителни коморбидитети, резултира со сериозни ограничувања во вообичаените активности на корисниците. Овие здравствени проблеми директно ја загрозуваат нивната способност за самостојно живеење.





*Редовни активности и на негувателките*

## Испорака на обуки за негувателките и членовите на Здружението

[1] Детален преглед е даден како посебен Прилог на овој извештај

Здружението ,,СОЦИО“ ефективно управува со тим составен од негувателки и координаторка, фокусирајќи се на континуирано унапредување на нивните професионални и социјални вештини.

## Структура на тимот

Тимот за испорака на услугата „Помош и нега во домот“ е составен од:

- 8 лиценцирани негувателки во редовен работен однос.
- 11 лиценцирани негувателки ангажирани со скратено работно време.
- 1 координаторка: Задолжена за непосредно раководење со тимот, процена на потребите на корисниците и координација на секојдневната работа.

## Јакнење на капацитетите и обука

,,СОЦИО” континуирано инвестира во својот персонал преку едукативни активности. Во периодот од 31 октомври до 2 ноември 2025 година, тимот на негувателки учествуваше во активности насочени кон јакнење на капацитетите и унапредување на тимската кохезија.

За време на престојот во Охрид, негувателките учествуваа на обука за разрешување конфликти и ефективна комуникација, со што ги унапредија своите професионални вештини и ја зацврстија меѓусебната соработка. Обуката претставуваше можност за споделување на практични искуства од терен, идентификување на секојдневните предизвици со кои се соочуваат во работата, како и заедничко промислување и предлагање решенија за нивно успешно надминување.

Покрај едукативниот дел, активностите овозможија продлабочување на тимскиот дух, градење на меѓусебна поддршка и поттикнување на континуиран професионален развој на негувателките во рамки на ,,СОЦИО” .

Обуката значително придонесе за подобрување на работната динамика и ефективноста на тимот, како и за унапредување на квалитетот на услугите што ,,СОЦИО“ ги обезбедува.





## Редовни координативни состаноци на тимот на негувателки

Редовните неделни координативни состаноци на тимот негувателки се суштински механизам за континуирано следење на квалитетот на услугата и проактивно управување со ризици. Главните цели се:

- Обезбедување на конзистентност и квалитет во испораката на услугите за нега и поддршка.
- Идентификација на потребите и предизвиците на корисниците и тимот.
- Координирање на интервенциите и обезбедување заеднички пристап (т.н. холистички пристап).Состаноците се одржуваат со претходно утврден дневен ред за да се обезбеди ефикасност и да се покријат следниве клучни области:

  ***Извештај за состојбата на корисниците:***

  - Презентација на клучни промени во физичката, емоционалната и психосоцијалната состојба на секој корисник.
  - Преглед на напредокот или потешкотиите во остварувањето на целите од нивниот Индивидуален план за поддршка/грижа.
  - Дискусија за специфични инциденти (доколку ги има) и начинот на кој се управувале.

  ***Анализа на семејни релации и надворешна комуникација:***

  - Известување за квалитетот и интензитетот на комуникацијата со семејствата и законските застапници.
  - Дискусија за значајни прашања или тензии кои произлегле од релациите со семејствата или други надворешни чинители.

  ***Управување со проблеми и корективни мерки:***

- Презентација на позначајни оперативни или етички проблеми идентификувани во текот на неделата.
- Предлог и финализација на корективни и превентивни мерки (на пример, промена во распоредот на нега, дополнителна обука, промена на пристапот).

Овие состаноци се клучни за:

- Навремена реакција: Брзо детектирање и решавање на проблеми (т.е. проактивно решавање на проблеми).
- Евалуација на персоналот: Следење на професионалноста, ангажманот и потребата за супервизија или дополнителна едукација на негувателките.
- Документирање: Водење на записник од состанокот кој ги содржи донесените одлуки и зададените задачи. Ова обезбедува транспарентност и одговорност .







*Редовни координативни состаноци*

## Локална иницијатива за подобрување на социјалните услуги на старите лица

Здружението за обезбедување социјални услуги ,,СОЦИО", Гостивар го спроведуваше проектот ,,Локална иницијатива за подобрување на социјалните услуги на старите лица", проектот е субгрант добиен во рамки на ,,ЕУ поддршка за  Граѓански ресурсен центар- фаза 2'' финансиран од Европската Унија.

Проектот имаше за цел унапредување на социјалната вклученост на старите лица и нивно зајакнување преку проширување на обезбедувањето на постојните социјални услуги и можности за воведување на нови видови поддршка.

Преку процесот на мапирање на потребите на старите лица во општина Гостивар, се добија податоци за нивната здравствена, семејна, станбена, материјална состојба и нивните потреби од одредени услуги. Овој процес вклучи проценка на состојбата и потребите на старите лица преку **директна анкета со вкупно 102 стари лица од општина Гостивар** и **14 директни интервјуа со претставници од локалната самоуправа, даватели на социјална и здравствена заштита, даватели на социјални услуги, граѓански организации, здруженија на пензионери од општина Гостивар**.

Форумот за презентација на наодите од мапирањето, консултативната работилница и дводневна обука со учество на пензионери, граѓански организации и претставници на институции, придонесоа за идентификација и детално разработени клучни приоритети, стратегии и пристап за застапување пред локалните власти. На овој начин се подготви документ за јавна политика во којшто се одредени приоритетите за старите лица:

1. Отворање Дневен клуб за пензионери со Информативен центар;
2. Формирање Совет на стари лица во рамки на општината;
3. Подобрување на урбаната инфраструктура прилагодена на потребите на старите лица;
4. Финансиска поддршка на здруженијата на пензионери за организирање најмалку една екскурзија годишно;
5. Отворање Дом за стари лица;
6. Унапредување на услугата поддршка на стари и немоќни лица.

Потребите на старите лица во Гостивар беа претставени пред општинските власти. Дел од барањата веќе се реализираа, а останатите ќе бидат предмет на понатамошна реализација. За Дневниот клуб за стари лица, Општината веќе работи на подготовка на апликација. Дел од тротоарите кои се реконструираа обезбедија подобра пристапност за старите лица. На пензионерските друштва им беа одобрени и доделени средства за екскурзија.

На 25.08.2025 година во Градскиот парк во Гостивар се одржа отворениот ден. **На отворениот ден присуствуваа повеќе од 100 пензионери, негувателки и претставници на здруженија.** На настанот беа

претставени  клучните постигнувања на проектот и беа презентирани барањата на пензионерите од Гостивар. За Дневниот клуб за стари лица, Општината веќе работи на подготовка на апликација.  Дел од тротоарите кои се реконструираа обезбедија подобра пристапност за старите лица и на пензионерските друштва им беа одобрени и доделени средства за екскурзија. За формирањето на совет за стари лица во Општина Гостивар е добиена поддршка од Градоначалникот.

На отворениот ден активните пензионери се претставија со рачни изработки, ги изложија своите публикации со проза и поезија. Дел од пензионерите играа социјални игри како шах, домино и табла. Негувателките од ,,СОЦИО“ им мереа притисок и шеќер на присутните и на овој начин дополнително ја промовираа услугата помош и нега во домот.






*Отворен ден на старите лица во Гостивар*

## Заклучок

Во текот на 2025 година, „СОЦИО“ континуирано го **унапредуваше квалитетот и достапноста** на услугата „Помош и нега во домот“. Оваа услуга обезбеди **квалитетна, достапна и високопрофесионална поддршка** за корисниците кои имаат потреба од секојдневна асистенција во сопствениот дом.

Преку **засилен ангажман на тимот негувателки**, **редовна стручна едукација** и **доследна примена на индивидуализиран пристап** кон секој корисник, услугата значајно придонесе за:

- **Подобрување на квалитетот на живот** на корисниците.
- **Зголемување на нивната автономија** и независност.
- **Поттикнување на чувството на сигурност** и достоинство.

**Постигнатите резултати** ја потврдуваат критичната важност на **континуираниот професионален развој** на тимот, како и на ефективната интер-секторска координација помеѓу сите засегнати страни. Истовремено, идентификуваните предизвици обезбедуваат јасна стратешка насока за натамошно унапредување и развој на услугата во наредниот период.

Во 2025 година, „СОЦИО“ презеде **значајни активности** насочени кон **унапредување на социјалната вклученост и партиципација** на старите лица од општина Гостивар.

Преку организирање на серија **консултативни настани и партиципативни работилници** со целната група, беа **идентификувани, анализирани и детално разработени** клучните приоритети, стратегии и пристапи за **ефективно застапување** пред локалните институции.

Овој процес резултираше со подготовка на **Документ за јавна политика** во којшто се прецизно дефинирани **приоритетните области** за старите лица во општина Гостивар. Дел од барањата, кои се однесуваат на **итни оперативни потреби**, веќе се реализирани, додека останатите претставуваат **предмет на понатамошна, долгорочна реализација** во соработка со локалната самоуправа.

**Како стратешки приоритет** за натамошно решавање останува **отворањето на Дневен Клуб за стари лица** во општина Гостивар, со цел обезбедување на интегрален социјален сервис.

Севкупно, „СОЦИО“ успешно ја исполнува својата **основна мисија** да обезбеди **квалитетна и хумана поддршка во домот и во заедницата**, со **фокус на достоинството, индивидуалните потреби и целокупната благосостојба** на старите лица. Нашата посветеност континуирано се насочува кон одржување на **висок стандард на професионализам** и проширување на опсегот на услугите.

ЕМБС: 07568550
Целосно име: Здружение за обезбедување социјални услуги-СОЦИО Гостивар
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2025

## Биланс на приходи и расходи

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 201 | - - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210) | 3.629.688,00 | | | 3.228.523,00 |
| 202 | - - Потрошени материјали | 248.249,00 | | | 58.547,00 |
| 203 | - - Потрошена енергија | 32.390,00 | | | 28.601,00 |
| 204 | - - Други услуги | 2.962.020,00 | | | 2.864.791,00 |
| 205 | - - Превозни и транспортни услуги | 106.529,00 | | | 108.584,00 |
| 209 | - - Наемнини | 144.000,00 | | | 168.000,00 |
| 210 | - - Други материјални расходи | 136.500,00 | | | |
| 211 | - - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221) | 52.887,00 | | | 1.844.424,00 |
| 215 | - - Дневници за службено патување | 15.000,00 | | | 187.341,00 |
| 219 | - - Други расходи | 37.887,00 | | | 396.146,00 |
| 221 | - - Пренесени средства | | | | 1.260.937,00 |
| 222 | - - КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223+224+225) | 75.299,00 | | | 13.860,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **224** | - - Средства за опрема | 75.299,00 | | | 13.860,00 |
| **230** | - - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232) | 3.103.419,00 | | | 3.887.702,00 |
| **231** | - - а) Вкалкулирани плати | 3.103.419,00 | | | 3.887.702,00 |
| **235** | - - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234) | 6.861.293,00 | | | 8.974.509,00 |
| **236** | - - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235 | 884.092,00 | | | 386.188,00 |
| **238** | - - Остварен нето вишок-добивка (236-237) | 884.092,00 | | | 386.188,00 |
| **239** | - - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252 | 7.745.385,00 | | | 9.360.697,00 |
| **240** | - - ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ, СТОКИ И УСЛУГИ (241+242) | 7.281.641,00 | | | 7.960.237,00 |
| **241** | - - Приходи од продажба на производи и стоки | | | | 7.960.237,00 |
| **242** | - - Приходи од услуги | 7.281.641,00 | | | |
| **243** | - - Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 50,00 | | | |
| **244** | - - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 114.530,00 | | | 216.000,00 |
| **246** | - - Сопствени приходи | | | | 300.368,00 |
| **248** | - - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 349.164,00 | | | 884.092,00 |
| **250** | - - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+248+249 | 7.745.385,00 | | | 9.360.697,00 |
| **252** | - - ВКУПНО (250+251)=239 | 7.745.385,00 | | | 9.360.697,00 |
| **438** | - - Број на работници | | | | 8,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | - - АКТИВА ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (002+003+008+009) | 162.613,00 | 212.398,00 | 59.746,00 | 152.652,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3** | - - МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007) | 162.613,00 | 212.398,00 | 59.746,00 | 152.652,00 |
| **6** | - - Опрема | 162.613,00 | 212.398,00 | 59.746,00 | 152.652,00 |
| **10** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024) | 1.160.112,00 | 689.188,00 | | 689.188,00 |
| **11** | - - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017) | 884.092,00 | 386.188,00 | | 386.188,00 |
| **12** | - - Жиро сметка | 884.092,00 | 386.188,00 | | 386.188,00 |
| **21** | - - КРАТКОРОЧНИ ФИНАСИСКИ ПОБАРУВАЊА | 276.020,00 | | | |
| **24** | - - АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (025+026+027) | | 303.000,00 | | 303.000,00 |
| **27** | - - Други активни временски ограничувања | | 303.000,00 | | 303.000,00 |
| **28** | - - МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОИЗВОДИ И СТОКИ (029 до 034) | | 59.381,00 | 59.381,00 | |
| **31** | - - Ситен инвентар | | 59.381,00 | 59.381,00 | |
| **42** | - - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041) | 1.322.725,00 | 960.967,00 | 119.127,00 | 841.840,00 |
| **44** | - - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА | 162.613,00 | | | 152.652,00 |
| **45** | - - Деловен фонд | 162.613,00 | | | 152.652,00 |
| **51** | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И ПАСИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКI (052 ДО 061) | 276.020,00 | | | 303.000,00 |
| **61** | - - Обврски за плати | 276.020,00 | | | 303.000,00 |
| **62** | - - V. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (063 до 065) | 884.092,00 | | | 386.188,00 |
| **64** | - - Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | 884.092,00 | | | 386.188,00 |
| **69** | - - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068) | 1.322.725,00 | | | 841.840,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | тековна година | |
|---|---|---|---|---|---|
| **651** | - - Набавна вредност на компјутерска опрема ) | | | | 81.379,00 |
| **675** | - - Издатоци за авторски хонорари (< или = на АОП 219 од БПР) | 37.887,00 | | | |
| **676** | - - Издатоци за повремени и привремени работи (< или = на АОП 219 од БПР) | 37.887,00 | | | 396.146,00 |
| **680** | - - Плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 2.093.675,00 | | | 203.533,00 |
| **681** | - - Придонеси на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 881.758,00 | | | 84.840,00 |
| **682** | - - Даноци на плати(< или = на АОП 231 од БПР) | 127.986,00 | | | 14.627,00 |
| **686** | - - Приходи од камати(< или = на АОП 243 од БПР) | 50,00 | | | |
| **691** | - - Приходи од донации(< или = на АОП 244 од БПР) | 114.530,00 | | | 216.000,00 |
| **695** | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 7,00 | | | 8,00 |

## Распоредување на резултатот

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **351** | - - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА | 884.092,00 | | | 386.188,00 |
| **353** | - - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352) | 884.092,00 | | | 386.188,00 |
| **358** | - - ѓ) Дел за пренос во наредната година | 884.092,00 | | | 386.188,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4605** | - 88.990 - Останати дејности на социјалната заштита без сместување, н.д.м. | | | | 9.360.697,00 |

**Потпишано од:**

ELENA KRSTESKA

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G3, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G3

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.